РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење за можен судир на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во членот 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:
„Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно со член 8 став (2) од истиот закон: „Под поимот службено лице се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор“.

Лицето не е службено лице во смисла на оваа одредба, а би станал службено лице доколку биде именувано на функцијата член на Управен одбор во ЈКП.

Согласно со членот 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси : „Под поимот блиски лица се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.“

Лицето кое е  кум не претставува блиско лице во смисла на цитираната законска одредба.

Државната комисија наоѓа дека во конкретната ситуација нема законска забрана да учествувате на јавниот повик за избор на членови на Управниот одбор на ЈП за комунални работи, каде лицето е кум и ја врши функцијата В.Д.директор.

Меѓутоа, кумовската врска помеѓу лицето како член на Управниот одбор и В.Д. директорот, која подразбира траен близок личен однос, може да влијае врз непристрасното вршење на јавни овластувања и службени должности и претставува основа за потенцијален судир на интереси. Ова особено ако се имаат предвид законските надлежности на управниот одбор на јавното претпријатие како орган на управување и надлежностите на директорот како орган на раководење на истото претпријатие.

Имено, во членот 19 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/2019; 82/2020; 89/2022; 274/2022; 208/2024; 193/2025) се предвидени надлежностите на Управниот одбор на јавните претпријатија:
„Управниот одбор на јавното претпријатие:
1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите;
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие и
11. Го избира и разрешува директорот и заменик на директор на јавното претпријатие, основано од Владата на Република Македонија врз основа на јавен конкурс.“

Согласно со член 23 став 5 од истиот закон: „Директорот, на јавното претпријатие го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на управниот одбор, учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој,

учествуваат во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие, врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие и врши други извршни работи во врска со работата и работењето на јавното претпријатие утврдени со статутот."

Имајќи ги предвид цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за јавните претпријатија, Државната комисија е на мислење дека доколку лицето биде дел од Управниот одбор на претпријатието, наведената состојба може да влијае врз непристрасното вршење на јавни овластувања и службени должности. При постоење на состојба на потенцијален судир на интереси, се создава можност и за појава на т.н. „реален" судир на интереси што придонесува за негативна перцепција на работењето на службените лица, а преку нив и на целокупното работење на институцијата.

Во оваа смисла, Државната комисија особено укажува на законската обврска за почитување на следните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, при извршувањето на службената должност и овластувања:

Начело на интегритет
Член 4
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице".

Член 72
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз

извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

Член 75

„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

**Заменик претседател,**
**Софија Спасова Медарска**